Република Северна Македонија

Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

мај, 2020 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

1. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....5

Инфлација ....6

Берзански цени .... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....8

Увоз ....9

Салдо на трговска размена ....10

Валутна структура.... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација .... 11

Приходи по буџетски корисници ....13

Буџетски расходи според економската класификација....14

Расходи по буџетски корисници....15

Буџетско салдо.. ....17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување....17

Плати ....18

Пензии ....19

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари....20

Депозитен потенцијал ....20

Кредити на банките....21

Каматни стапки на депозитни банки....22

Пазар на капитал ....22

Девизни резерви....22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

маj, 2020 година

- Индустриското производство во април 2020 година забележа пад од 27,0% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во мај 2020 година се намалија за 0,2% во однос на мај 2019 година, по падот од 0,1% во април 2020 година;
- Во периодот јануари - мај 2020 година извозот забележа пад од 25,4%, а увозот од 20,8%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 6,4%, споредено со истиот период од 2019 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - мај 2020 година изнесуваа 73.388 милиони денари, односно 10,9% од БДП, што претставува пониско остварување за 8,9% во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – мај 2020 година изнесуваа 92.291 милион денари, односно 13,7% од БДП, што е за 7,9% повеќе во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните кредити на банките во мај 2020 година се зголемија за 5,9% во споредба со мај 2019 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,8%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# *1. РЕАЛЕН СЕКТОР*

## Индустриско производство

Индустриското производство во мај 2020 година забележа пад од 27,0% во споредба со истиот месец претходната година, со што неповолните движења како последица на пандемијата на коронавирус предизвикаа двоцифрен пад трет месец по ред. Намалување на производството има во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 32,1% и негативен придонес од 24,5 п.п., Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 14,6% и негативен придонес од 1,8 п.п., како и Рударство и вадење камен од 4,3% и негативен придонес од 0,5 п.п..

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во мај 2020 година бележат само 6 од вкупно 27 индустриски гранки коишто сочинуваат 14,4% од вкупната индустрија. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан единствено кај производството на фармацевтски производи и препарати од 27,4% и придонес од 0,8 п.п.. Кај гранките со повисока додадена вредност, падот на производството на моторни возила изнесува 46,3% со придонес од -5,7 п.п., кај производството на машини и уреди 56,9% со придонес од -5,0 п.п., а кај производството на електрична опрема 52,8% со придонес од -2,4 п.п.. Од традиционалните гранки, производството на облека забележа пад од 35,8% и придонес од -2,7 п.п., а прехранбената индустрија пад од 12,5% и придонес од -1,2 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Во однос на поделбата по наменски групи, пад на производството е забележан во сите гранки, а најизразит е кај капиталните производи од 47,0% и негативен придонес од 10,8 п.п..



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

На кумулативна основа, во првите пет месеци од 2020 година е забележан пад од 14,4%, што се должи на намаленото производството во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 16,5% и придонес од -12,6 п.п., Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 11,9% и придонес од -1,5 п.п., и Рударство и вадење камен од 3,8% и придонес од -0,4 п.п.. Од индустриските гранки, највисок придонес во растот има производството на фармацевтски производи и препарати од 0,5 п.п. при раст од 16,6%.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, мај 2020 година)*




Извор: ДЗС.

Според намената на произведените единици, пад во периодот јануари - мај 2020 година бележат сите гранки, а падот е највисок кај групите Капитални производи од 26,4% и придонес од -6,1 п.п..

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, мај 2020 година)*




Извор: ДЗС.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во мај 2020 година е намален за 5,1%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 5,6%, Рударство и вадење камен од 0,9% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,4%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во мај 2020 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има кај сите групи, а тоа е најизразито кај трајните производи за широка потрошувачка од 8,5%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – мај 2020 година бележи пад од 4,2%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори,

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

односно Преработувачка индустрија од 4,6%, Рударство и вадење камен од 1,2% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,5%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите пет месеци од 2020 година е намален кај сите групи, а падот е најизразит во групата Трајни производи за широка потрошувачка од 8,0%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во мај 2020 година е понеповолна во однос на април 2020 година, како и во однос на истиот месец од 2019 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во мај изнесува 65,4%, што претставува пад споредено со претходниот месец, кога изнесувало 67,0%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 4,2 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во мај имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 21,3%, недостигот на квалификувана работна сила со 18,4%, неизвесното економско окружување со 14,6%, недоволната домашна побарувачка со 12,7% и финансиските проблеми со 9,1%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во мај 2020 година споредено со април 2020 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се исто така понеповолни во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во мај 2020 година издадени се вкупно 161 одобрение за градење и во однос на мај 2019 година бројот на издадени одобренија за градење се намали за 27,5%. Споредено со претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење опадна за 6,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во мај 2020 година на годишна основа бележи пад од 60,9%, а во однос на април 2020 година за 57,4%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 81 (или

50,3%) се наменети за објекти од високоградба, 28 (или 17,4%) за објекти од нискоградба и 52 (или 32,3%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 161 издадено одобрение за градба, на 85 објекти (или 52,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 76 објекти (или 47,2%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(мај 2020)*




Извор: ДЗС.

Со издадените одобренија за градење во мај 2020 година предвидена е изградба на 432 станови, со вкупна корисна површина од 35.471 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е намален за 48,3%, а во однос на мај 2019 година за 6,7%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во мај 2020 година се намалија за 0,2% во однос на мај 2019 година, по падот од 0,1% во април 2020 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – мај 2020 година изнесува 0,3%.

Во мај 2020 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 1,5% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во мај 2020 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 3,9% следен со порастот на цените во категориите: Разновидни стоки и услуги од 2,8%, Ресторани и хотели од 1,3%, Рекреација и култура од 1,0%, Здравствена заштита од 0,4%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,3% и Образование од 0,2%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP *(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Пад на годишно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 12,0%, Облека и обувки од 2,1%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,1% и Комуникации од 0,3%.

Потрошувачките цени во мај 2020 година се зголемија за 0,4% во однос на претходниот месец. Најголем пораст на цените на месечно ниво е регистриран во

категориите: Транспорт 1,3%, Рекреација и култура од 0,8%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,7%, Ресторани и хотели од 0,5% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,1%.

Месечно намалување на цените е регистрирано во категориите Мебел, покуќнина, и одржување на покуќнина од 0,8% и Разновидни стоки и услуги од 0,1%. Цените во останатите категории останаа непроменети.

Цените на мало во мај 2020 година во однос на истиот месец претходната година се намалија за 1,3%, а на месечна основа регистрираа раст од 0,4%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во мај 2020 година споредено со април 2020 година се зголеми за 32,9% и изнесува 31,0 долар за барел. Во однос на истиот месец од 2019 година, цената на нафтата опадна за 56,0%. Цената на природниот гас во мај на месечна основа бележи пад од 6,4%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ во мај 2020 година се тргуваше со просечна цена од 12.180 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи раст на цената од 3,2%. Споредено со мај 2019 година, цената на никелот се зголеми за 1,4%. Покрај никелот, месечен раст на цената во мај забележаа и останатите основни метали, освен оловото, чијашто цена се намали за 1,9%. Така, цената на цинкот се зголеми за 3,8%, на бакарот за 3,6%, на калајот за 3,0% и на алуминиумот за 0,4%. Во мај 2020 година, цената

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

на железната руда порасна за 10,5% на месечно ниво.

Зголемување на цената во мај во однос на април 2020 година бележат и благородните метали. Така, цената на среброто се зголеми за 7,9%, на платината за 4,8% и на златото за 1,9%.

Цената на пченицата на светските берзи во мај 2020 година на месечно ниво се намали за 6,0%, а на пченката за 2,0%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите пет месеци од 2020 година изнесува 4.706,1 милион евра и бележи пад од 22,8% во однос на истиот период минатата година. Падот на надворешнотрговската размена се должи на пандемијата предизвикана од коронавирусот, којашто на почетокот од годината започна во Кина и се пренесе во голем број земји во Европа и светот.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - мај 2020 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 3,1 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 60,1%.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари – мај 2020 година изнесува 1.958,6 милиони евра и бележи пад од 25,4% (666,1 милион евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 23,6%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во мај 2020 година изнесува 339,6 милиони евра и бележи пад од 39,2% (219,1 милион евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 31,1%.

[1] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Анализирано на месечно ниво, во мај 2020 година извозот бележи  раст од 60,8% (128,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 53,6%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (7,2 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - мај 2020 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 43,7% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - мај 2020 година споредено со истиот период од 2019 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕУ 27, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 29,1% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 19,0%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 76,3% и 11,7% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - мај 2020 година изнесува 2.747,5 милиони евра и бележи пад од 20,8% (720,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 5,1%.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во мај 2020 година изнесува 455,1 милион евра, што претставува пад од 36,5% (261,3 милиони евра) во однос на истиот месец од 2019 година, а увезените количини стоки се намалени за 16,7%.

Анализирано на месечно ниво, во

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

мај 2020 година увозот бележи раст од 21,8% (81,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 25,6%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (3,8 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2019 | I-V-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 18,6 | 22,3 | 3,7 | 19,9 |
| Мил. ЕУР | 559,4 | 324,4 | -235,0 | -42,0 |
| Мил.$ | 631,6 | 357,5 | -274,2 | -43,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2019 | I-V-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 14,8 | 12,3 | -2,6 | -17,2 |
| Мил. ЕУР | 91,8 | 69,0 | -22,9 | -24,9 |
| Мил.$ | 103,7 | 75,8 | -27,9 | -26,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2019 | I-V-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 336,8 | 293,9 | -42,9 | -12,7 |
| Мил. ЕУР | 247,1 | 221,3 | -25,8 | -10,4 |
| Мил.$ | 278,7 | 242,9 | -35,8 | -12,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2019 | I-V-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 382,5 | 307,0 | -75,5 | -19,7 |
| Мил. ЕУР | 196,0 | 143,1 | -52,9 | -27,0 |
| Мил.$ | 221,3 | 157,0 | -64,3 | -29,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2019 | I-V-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 32,5 | 20,2 | -12,3 | -37,8 |
| Мил. ЕУР | 405,2 | 275,8 | -129,4 | -31,9 |
| Мил.$ | 457,1 | 303,7 | -153,5 | -33,6 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2019 | I-V-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 27,9 | 21,5 | -6,4 | -23,0 |
| Мил. ЕУР | 311,8 | 233,5 | -78,4 | -25,1 |
| Мил.$ | 352,1 | 256,7 | -95,4 | -27,1 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - мај 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 6,4% односно 53,9 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во мај 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 26,7% односно 42,2 милиона евра споредено со мај 2019 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и горива и мазива. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - мај 2020 година, 93,9% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Србија, Грција и Турција, а потоа следуваат: САД, Италија, Полска, Русија, Романија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Холандија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 86,7% од трговската размена во периодот јануари-мај 2020 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2019 година претставува зголемување за 1,1 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 91,2% и 83,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,6 п.п., додека кај увозот е зголемена за 3,4 п.п. во однос на периодот јануари - мај 2019 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - V - 2019 | | | | | I - V - 2020 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.889,7 | 2.774.971.739 | 61,5133 | 170.697.669.098 | 80,0 | 1.720,5 | 2.292.607.433 | 61,6446 | 141.326.868.159 | 83,5 | -482.364.306 | -17,4 |
| УСД | 911,5 | 745.365.799 | 54,4492 | 40.584.571.480 | 19,0 | 940,8 | 469.825.316 | 56,2101 | 26.408.928.004 | 15,6 | -275.540.483 | -37,0 |
| ГБП | 1,6 | 9.534.787 | 70,6903 | 674.016.928 | 0,3 | 1,3 | 7.335.921 | 71,0010 | 520.857.740 | 0,3 | -2.198.865 | -23,1 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.802,8 | | | 211.956.257.506 | 99,1 | 2.662,6 | | | 168.256.653.903 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 2.810,5 | | | 213.299.282.594 | 100,0 | 2.667,7 | | | 169.350.789.269 | 100,0 | | -20,6 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - мај 2020 година изнесуваа 73.388 милиони денари, односно 10,9% од БДП, што претставува пониско остварување за 8,9% во однос на истиот период од 2019 година.

Даночните приходи се реализирани во износ од 39.932 милиона денари и во однос на истиот период од 2019 година се намалени за 12,9%, што ја отсликува намалената економска активност како резултат на здравствено-економската криза.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 16.988 милиони денари, што претставува намалување од 17,9% во однос на периодот јануари - мај 2019 година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 42,5%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 27.898 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 10.911 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 10,0%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 6,1% споредено со јануари - мај 2019 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којштo забележува пониско остварување за 13,0%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 3,1%.

Акцизите се остварени во износ од 8.177 милиони денари (учество од 20,5% во даночните приходи), што претставува намалување од 14,1% во споредба со истиот период од 2019 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 25.165 милиони денари, што претставува 63,0% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - мај 2020 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 7.025 милиони денари и бележат пад од 3,7% на годишна основа, при што 68,7% од приходите се од плата и други лични примања, 7,5% од приходи од капитал, 6,4% од приходи по основ на договор на дело, 5,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 12,3% од други видови данок на доход.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 5.044 милиони денари и забележаа помало остварување за 11,4% во однос на истиот период претходната година, при што данокот по месечни аконтации се намали за 7,5%, намалување од 33,7% се забележува кај даночните биланси, додека данокот на добивка по основ на дивиденди и др. распределба е зголемен повеќе од 3 пати.

Приходите од царина се остварени во износ од 2.490 милиони денари и забележаа зголемување од 3,4%. Приходите од други даноци со остварен износ од 208 милиони денари забележаа намалено остварување за 4,1% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 26.332 милиона денари, што претставува поголемо остварување за 7,1% споредено со истиот период од 2019 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 7,6%, кај придонесите за здравствено осигурување за 6,1% и кај придонесите за вработување за 5,3%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 4.826 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2019 година забележаа пониско остварување за 36,4% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 465 милиони денари, што е зголемување од 34,8 во однос на периодот јануари-мај минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.418 милиони денари и се намалени за 16,4% во однос на истиот период лани.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[3] и во периодот јануари - мај 2020 година изнесуваат 74.187 милиони денари, односно 94,3% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 38,0% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи коишто претставуваат 53,2% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во првите пет месеци од 2020 година изнесува 37,4% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 20.063 милиони денари, што претставува 27,0% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 1.099 милиони денари, односно 1,4% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (76,9%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата *(јануари - мај 2020 година)*




Извор: МФ.

Министерството за финансии како буџетски корисник оствари приходи во износ од 377 милиони денари, што претставува 0,5% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливот на средства по основ на задолжување во странство изнесува 343 милиони денари и претставува 90,8% од вкупните приходи на овој буџетски корисник.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 3,8% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - мај 2020 година оствари

[3] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

приходи во износ од 30.875 милиони денари, што претставува 39,9% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 13.391 милион денари, односно 38,6% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија оствари приходи во висина од 1.132 милиона денари, што претставува 32,4% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – мај 2020 година изнесуваа 92.291 милион денари, односно 13,7% од БДП, што е за 7,9% повеќе во однос на истиот период од 2019 година.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 88.702 милиона денари учествуваа со 96,1% и се зголемени за 8,2% во однос на истиот период од 2019 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 12.277 милиони денари што претставува зголемување за 8,8% во однос на периодот јануари-мај претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,3%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 6.085 милиони денари и споредено со истиот период од 2019 година забележаа намалување од 11,3%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 67.979 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 10,5% споредено со истиот период од 2019 година и истите учествуваа со 73,7% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 47.429 милиони денари, забележаа зголемување од 6,3% и учествуваа со 51,4% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 28.538 милиони денари, што е зголемување за 4,4% споредено со истиот период од 2019 година и учествуваат со 30,9% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 21,2%, односно се зголемија за 20,1% и се реализирани во износ од 19.606 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 7.881 милион денари забележаа зголемување од 13,7% во споредба со периодот јануари-мај претходната година. Субвенциите и

трансферите изнесуваа 10.748 милиони денари што е за 27,3% повеќе споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 2.361 милион денари, што е за 0,6% повеќе во споредба со истиот период од 2019 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 5,3%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 2,6%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 3.589 милиони денари со структурно учество од 3,9% во вкупните расходи, при што забележаа повисока реализација за 0,6% во споредба со периодот јануари-мај 2019 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 86,1% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари - мај 2020 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 17.318 милиони денари, што претставува 30,2% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 72,8% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 12.601 милион денари, односно 30,1% од средствата планирани за оваа намена во 2020 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 13,6% од вкупните расходи, за што се реализирани 2.355 милиони денари или 28,4% од планираното.

Министерството за труд и социјална политика во првите пет месеци од 2020 година реализираше 19.893 милиони денари или 38,8% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,9%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 13.714 милиони денари или 38,6% од средствата наменети за 2020 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 23,0% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 42,1% (4.577 милиони денари) од планираните за 2020 година.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - мај 2020 година изврши буџетски средства во износ од 10.036 милиони денари, што е 38,5% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (66,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 6.694 милиони денари или 41,5% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка

[4] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

со учество од 15,2%, за што се потрошени 1.529 милиони денари, односно 40,6% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во анализираниот период од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 4.349 милиони денари, што претставува 38,1% од сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 75,7%, за што се потрошени 3.292 милиона денари или 40,8% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 17,2%, за што се реализирани 750 милиони денари или 38,0% од годишниот план.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - мај 2020 година)*




Извор: МФ.

Министерството за одбрана во првите пет месеци од 2020 година изврши буџетски средства во износ од 2.756 милиони денари, што е 32,3% од вкупниот буџет за 2020 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 61,2%, за што се реализирани 1.686 милиони денари и претставува 41,3% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 22,9% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 631 милион денари, односно 27,4% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари - мај 2020 година реализираше буџетски средства во износ од 2.409 милиони денари, што е 30,8% од вкупниот буџет за 2020 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 43,6% за што се потрошени 1.049 милиони денари или 40,0% од средствата наменети за тековната година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови учествуваат со 42,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник и во анализираниот период за оваа намена реализирани се 1.020 милиони денари или 28,0% од предвидените средства.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 6.027 милиони денари, што претставува 80,9% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 91,8% во вкупните расходи, реализирани се 87,4% од планираните средства или 5.532 милиона денари.

Владата на Република Северна Македонија реализираше 2.891 милион денари, односно 23,2% од планираните средства за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите беа реализирани во износ од 2.612 милиона денари (22,9%) и учествуваа со 90,4% во вкупните расходи.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Министерството за транспорт и врски во периодот јануари - мај реализираше средства во износ од 998 милиони денари, што е 20,8% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 18,6% од предвиденото (734 милиони денари), а учествуваат со 73,6% во вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – мај 2020 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 18.903 милиони денари, што претставува 2,8% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е речиси идентичен, односно остварен е во износ од 17.648 милиони денари и претставува 2,6% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во периодот јануари - мај 2020 година во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 68.670 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени е понизок за 16,6% во однос на мај 2019 година.

Од вкупниот број нововработени 45,7% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во мај 2020 година, 22,0% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во мај 2020 година изнесува 205.796, од кои 121.187 се активни баратели на работа, а 84.609 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 9,2%.

Најголем дел од активните невработени лица (64,3%) се градско население, а според половата структура 51,3% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 63,0% од невработените се со непотполно средно образование или

помалку, 26,4% се со завршено средно образование, додека 10,6% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

По возрасни групи, најголемиот дел или 49,3% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 50,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 5,4% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во април 2020 година оствари годишен раст од 4,2%, а во однос на претходниот месец е пониска за 2,2%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Образование (12,0%), Други услужни дејности (6,9%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (6,4%). Реалните плати во април забележаа годишен раст од 4,3%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во април 2020 година оствари годишен раст од 4,8%, а во однос на претходниот месец е пониска за 2,2%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Образование (13,1%), Други услужни дејности (7,5%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (7,2%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 4,8%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Пензии

Во мај 2020 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 322.894 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 116 лица. Од вкупниот број пензионери, 66,4% се корисници на старосна пензија, 23,2% се корисници на семејна пензија и 10,4% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во мај 2020 година изнесува 15.290 денари и е за 5,7% повисока во однос на истиот месец минатата година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во април 2020 година (последни расположливи податоци) изнесува 60,0%.

Просечната старосна пензија во мај изнесува 16.549 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.860 денари, а просечната семејна пензија 12.336 денари. За исплата на пензиите во мај 2020 година се потрошени 4.843 милиони денари, што претставува 48,0% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во мај 2020 година, Народната банка ја намали основната каматна стапка за дополнителни 0,25 п.п, односно од 1,75% на 1,5%. Ова претставува трето намалување на основната каматна стапка оваа година, поради условите коишто произлегуваат од пандемијата на Ковид-19 и мерките за спречување на ширењето на вирусот, коишто неповолно влијаат и врз глобалната и врз домашната економија. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,5%, како и досегашното позначајно намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за натамошно зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економија, односно одржување на кредитниот циклус и ублажување на ефектите од негативниот шок врз домашната економија.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## Примарни пари

Во мај 2020 година, примарните пари[6] регистрираа раст од 18,7%, споредено со мај 2019 година. Ваквиот раст на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 13,4% и раст на готовите пари во оптек од 22,7%. На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 1,7%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 2,3% и растот на готовите пари во оптек од 1,3%.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити ( мај 2020 година)




Извор: НБРСМ.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во мај 2020 година се зголемија за 1,0% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 2,3%, а депозитите на домаќинствата регистрираа зголемување од 0,3%.

Од аспект на валутата, во мај 2020 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 1,1%, додека депозитите во странска валута регистрираа раст од 0,7%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити *(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупниот депозитен потенцијал во мај 2020 година оствари раст од 7,8% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 8,0% и 7,7%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 11,5% и 8,2%, соодветно.

---

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,0%, а долгорочните депозити регистрираа раст од 1,0%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,2%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (мај 2020 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **413.205** | **1,0%** | **7,8%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *248.589* | *1,1%* | *8,0%* |
| *Странска валута* | *164.616* | *0,7%* | *7,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *174.514* | *0,7%* | *5,0%* |
| *Долгорочни* | *108.175* | *0,2%* | *1,0%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **347.762** | **0,9%** | **5,9%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *203.316* | *1,3%* | *4,3%* |
| *Странска валута* | *144.446* | *0,5%* | *8,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *58.341* | *-0,4%* | *-3,2%,* |
| *Долгорочни* | *269.682* | *1,0%* | *9,1%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *16.014* | *0,9%* | *-9,9%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во мај 2020 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор регистрираа раст од 0,9% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се зголемија за 1,0%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,9%. Од аспект на валутата, во мај 2020 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,3%, а девизните кредити овој месец се зголемија за 0,5%.

На годишна основа, во мај 2020 година вкупните кредити се зголемија за 5,9%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 8,6% и раст на кредитите кон претпријатијата од 3,3%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,3%, а кредитите во странска валута за 8,2%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,1%, а краткорочните кредити се намалија за 3,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во мај 2020 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,83%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 5,25%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 4,33%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во мај 2020 година изнесува 1,10% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 1,53% и е непроменета во однос на минатиот месец, а каматната стапка на девизните депозити е намалена за 0,02 п.п. и изнесува 0,61%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во мај 2020 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 37,0% на месечно ниво како резултат на падот на прометот од класичното тргување за 34,3%, додека прометот од блок трансакциите се зголеми за 60,9%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во мај 2020 година изнесуваше 428,3 милиони денари и истиот е намален за 61,3% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на април 2020 година изнесуваше 4.262,97 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 4,5%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 10,1%.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на мај 2020 година изнесуваа 3.079,08 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 2,5%, а во однос на мај 2019 година регистрираа раст од 6,1%.